**20211502475**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО И НЕДОСТОЈНОТО ОДНЕСУВАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ НАТПРЕВАРИ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јуни 2021 година.

Бр. 08-3131/1
30 јуни 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО И НЕДОСТОЈНОТО ОДНЕСУВАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ НАТПРЕВАРИ**

Член 1

Во Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари („Службен весник на Република Македонија“ број 89/2004, 142/2008, 135/11, 27/14 и 154/15), во член 13 во ставот 1 зборовите: „500 евра“ се заменуваат со зборовите: „150 до 200 евра“.

Во став 2 зборовите: „550 до 750 евра“ се заменуваат со зборовите: „180 до 220 евра“.

Во став 3 зборовите: „600 до 1.000 евра“ се заменуваат со зборовите: „200 до 250 евра“.

Во став 4 зборовите: „500 до 1.000 евра“ се заменуваат со зборовите: „180 до 250 евра“.

Член 2

Во член 14 став 1 во воведната реченица зборовите: „5.000 евра“ се заменуваат со зборовите: „500 до 7.000 евра“.

Во став 2 зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „300 до 500 евра во денарска противвредност“.

Член 3

Во член 14-а зборовите: „2.000 евра“ се заменуваат со зборовите: „500 до 7.000 евра“.

Член 4

Во член 14-б во ставовите 1 и 2 зборовите: „2.000 евра“ се заменуваат со зборовите: „500 до 8.000 евра“.

Во став 3 зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „300 до 500 евра во денарска противвредност“.

Член 5

Во член 15 во ставот 1 зборовите: „3.000 евра“ се заменуваат со зборовите: „500 до 8.000 евра“.

Во став 2 зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „300 до 500 евра во денарска противвредност“.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.